До: НОМАГАС Скопје, Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас
Булевар Свети Климент Охридски 54, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

Предмет: Доставување Мислење
Врска: Барање на мислење (наш арх. бр. 11-3556/6, 09.12.2025; ваш арх.бр. 08-5212/2, 09.12.2025)

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање на мислење кое се однесува на изградба на магистрален гасовод, делница 7 Кичево-Охрид, врз основ на член 11, а во врска со член 17 од Законот за управување со светското природно и културното наследство на Охридскиот регион (Сл.Весник на РМ бр. 75/10), Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион го дава следното

## МИСЛЕЊЕ

До Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион доставено е Барање на мислење за изградба на магистрален гасовод, делница 7 Кичево-Охрид. Делницата 7 започнува на стационажа km 0+000.00 на К.П.323 КО Мамудовци, општина Кичево, а завршува на стационажа km 55+235на К.П. 136/3 КО Вапила, општина Охрид, со целосна должина на гасоводот со дијаметар од Ø508. Оваа магистрална гасоводна делница по целата своја должина е планирана и проектирана поради тоа што го затвора основниот магистрален гасоводен прстен во РСМ и со тоа значително ја зголемува сигурноста во снабдувањето со природен гас во регионот и целата држава.

Станува збор за проект од јавен интерес во фукнција на подобрување и унапредување на животната средина во Охридскиот регион и генерално во РСМ.
При изработка на податоците од самиот проект, земени се во предвид насоките од „Водич и прирачник за оцена на влијанието во контекст на светското наследство“, изработен од Центарот за светско наследство на УНЕСКО, Меѓународниот центар за изучување на заштитата и реставрацијата на културното наследство (ИКРОМ); Меѓународниот совет за споменици и локалитети (ИКОМОС) и Меѓународната унија за заштита на природата (ИУЦН).

Имајќи го предвид наведеното, јавниот интерес, како и усогласеноста со Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион, Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион дава позитивно мислење на изградбата на магистрален гасовод, делница 7 Кичево-Охрид, со тоа што во понатамошните постапки упатува на примена на сите одредби од Законите со кои треба да биде усогласен предметниот опфат.

Со почит,

**Комисија за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион**

**Претседател,**
**Besa Tateshi**


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk